22.06.2014, 17:08

# ПОПУЛАРНОТО „ФИЌО“ Е ЦЕНТАР НА „МО(НУ)МЕНТ“



**Во близина на „Мала станица“ е отворена изложба на Гоце Наневски, која во следните две недели ќе може да се погледне од 20,30 до 22 часот**

**Катерина Богоева**

„Монументот мора да биде монументален, да има во себе физикус кој ќе му го оправда името“, рече завчеравечер скулпторот Гоце Наневски, во импровизираниот двор во близина на „Мала станица“ за време на отворањето на неговата изложба „Мо(ну)мент“, чиј централен објект е бело „фиќо“ – редимејд објект кој се врти, поставен на висок „пиедестал“ надополнет со звучна видеопроекција. Автомобилот „фиќо“, кој години station наназад зазема значајно место во историјата на овие простори, за инсталацијата на Наневски како објект е проектиран и изработен во фабриката „МЗТ Пумпи“. „Во проектот сериозно помогна и 'Сектор филм' при изработката на видеото, Младен Богатинов, мој близок човек, го направи софтверот и хардверскиот склоп на спојот, а Дориан Јовановиќ помогна во изработката на звукот. Тешко беше проектот да се сработи бидејќи излегува и од продукцијата во ателјето и од галерискиот простор, но го создадовме со многу добра волја и со многу малку пари“, рече Наневски. Запрашан дали во прапочетокот на прикажаната на проектот се неговите автомобилчиња од детството, овој скулптор и професор на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, рече: „Не, прапочетокот можеби и лежи во малите аутца, но проектот генерално се однесува на прашањето на неверојатноста низ призма на спинот како физички, но и општествен, политички и културен феномен. Нешто со кое се соочуваме и станува секојдневје, а јас го забележувам и практично го

ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- СО ЕСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ ВЕЧЕРВА ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА НОВАТА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА
- ВОЗЕТЕ ВНИМАТЕЛНО- НАМЕСТА ПАТИШТАТА ВЛАЖНИ И СО ОДРОНИ
- ДРАМА НА ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ ВО КАН: ОПАСНОСТ ОД БОМБА!
- ГОРЧЕСКА СЕ ПОДГОТОВУВА ЗА РОЛАН ГАРОС
- СЕАТ КОЧАН ОСТАНУВА ДА СЕ БРАНИ ОД СЛОБОДА

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |

| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
|---|---|---|---|---|
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ

Кривични пријави за прилепскиот градоначалник Марјан Ристески и екс министерот Диме Спасов

прикажувам на еден сликовит начин, во хибридот од видеото и објектот кои го обработуваат спинот“.

Зад овој проект, со кој во саботата вечерта (вечер без дожд), меѓу другото, и стартуваше годинешното „Скопско лето“, стојат Националната галерија на Македонија и Министерството за култура. Изложбата која на отворањето привлече достојно внимание ќе биде поставена две недели, а бидејќи нема технички услови за дневно презентирање, таа ќе може да се погледне навечер од 20,30 до 22 часот. „Ќе видиме подоцна како ќе му најдеме содржина и место на монументот“, рече Наневски, кој на нашата забелешка дека во моментов во Македонија има многу малку монументи како неговиот што не се типични за времето во кое живееме, но и дека на отворањето на изложбата присуствуваше многубројна заинтересирана публика, тој посочи: „Мислам дека иконографијата на ‘застава 750’ е одамна позната приказна, но и дека хибридниот спој на видеото со објектот е интересен за публиката. Првичните реакции што ги чув се интересни и впечатливи. Ќе видам каков ќе биде понатаму инпактот на проектот, но очекувам овој монумент да живее понатаму. Доколку не успее да живее во оваа форма, следниот проект ‘Монумент 2’ ќе си најде една нова морфолошка и антрополошка состојба“, го откри скулпторот својот следен проект. Кураторката на проектот, Маја Чанкуловска-Михајловска, која вечерта не го криеше задоволството од успешната презентација на отворено, но и од присуството на публиката, во каталогот за изложбата во кој преку фотографии и цртежи се презентирани сите фази од изработка на проектот, меѓу другото за „Мо(ну)мент“ вели: „Од социолошки аспект, оваа ретродизајнерска икона на секојдневниот семеен транспорт во седумдесеттите години на 20 век (во Европа нешто порано), иако веќе многу ретко, денес речиси воопшто неприсутен автомобил, е монументалистички доживеана од авторот како синоним за животот и воопшто индустрискиот развој и како еден од можеби најпопуларните артефакти на едно време, продукт на масовната култура со исклучителен индустриски дизајн и практичност. Воедно, овој естетски дефиниран механизам со својата практичност од аспект на економската достапност е симбол на слободата на движење“, вели таа, и потенцира дека концептот на движење како слобода во овој проект на Гоце Наневски е претставен со неколкуте видеа со различни „протагонисти“, кои, поставени во секојдневни „спин–ситуации“, го потенцираат контрастот статичност - мобилност.

Статијата е прочитана 549 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

Deutsche Welle
Јанева очекува СЈО да продолжи со работа
Прославени титулите во Минхен и Мадрид
Северна Кореја: Секоја недела една ракета?

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**„Откачи“ е најдобар филм на 5. „Македокс“**
**Кратово е извонредно за сликање пејзажи**
**Силен аплауз за настапот на „Танец“ во Рига**
**„Риба во шишето ракија“ - Орхан Вели на македонски јазик**
**Оперските арии го стартуваа 35-то „Скопско лето“**



РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk